# ПРОГРАМА

# ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2025 ГОДИНА

I. **СТРАТЕШКА ЦЕЛ** Програмата на Општина Новаци за заштита на животната средина е насочена кон спроведување на активности за заштита на животната средина во надлежност на локалната самоуправа, исполнување на барањата на македонското законодавство за животна средина, обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

II. **ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА** Општа цел на Програмата: - да се обезбедат практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми и активности во областа заштита на животната средина; - прифаќање на еколошката проблематика во останатите секторски програми во насока на одржлив развој на локалната заедница. Специфични цели на Програмата: - Системска контрола на квалитетот на животната средина во општината; - Спроведување на Оцена на влијанието врз животната средина уште во процесот на планирање на проектите за да се превенираат последиците од загадување на животната средина; - Изработка на стратешки документи за заштита на животната средина; - Систематизирано спроведување на постојани подобрувања со постојниот систем за управување со отпадот во општината; - Зголемување на новите зелени површини во општината, уредување на запуштени зелени површини, амортизирање на загадувањето на почвата, воздухот и бучавата, подобрување на визуелниот изглед на урбаната средина, како и активности за пошумување.

III. **ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА** Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на заштитата на животната средина во текот на 2025 година ќе бидат насочени кон:

- Контрола, анализа, следење и информирање за квалитетот на животната средина на територијата на општината и тоа на: влијание врз квалитет на амбиенталниот воздух од поединечни извори, влијание на отпадните води од поединечни извори врз површинските води и други водотеци, влијание од бучава во животната средина;
- Информирање за состојбата со квалитетот на воздухот, водите и отпадот на територијата на општината преку систематизирање на добиените податоци од државната и локалната мрежа за мониторинг за 2025 г., како и
- Изработка на еколошка проектна документација за планска документација за инсталации, инфраструктурни објекти и други проекти и тоа: Елаборати за животна средина, Студии за оцена на влијание врз животната средина, Стратешки оценки за

влијание на животната средина во постапките за донесување на урбанистичка планска документција и во согласност со закон.

- Изработка на ЛЕАП - Локален економски акциски план на Општина Новаци – како стратешки документ за период 2025-2030 година
- Изработка на стратешки документи за животна средина: изработка на Регистер на загадувачи со збир на податоци за изворот, видот, количината, начинот и местото на испуштање, пренесување и одлагање на загадувачките материи и отпадот во животната средина, како и изработка на Катастар за животната средина на територијата на Општина Новаци како квалитетивна евиденција на загадувачите и изворите на загадување кои испуштаат загадувачки материи и супстанции во медиумите на животната средина, во која е вклучена и картата на загадувачи.
- Спроведување на разни активности за управување со отпад, реупотреба, редуцирање, рециклирање, набавка на нови садови за отпад за проширување на опслуженото подрачје, постапување со електронски и електричен отпад, отпадни батерии и акумулатори, санација на диви депонии на територијата на општината, печатење на пропаганден материјал за подигнување на јавната свест на граѓаните за селектирање на отпадот, започнување на постапка за формирање на заедничко јавно комунално регионално претпријатие за управување со отпад помеѓу сите 18 општини кои се дел од Пелагонискиот и Југозападниот регион.
- Спроведување на активности за подигнување на нови зелени површини и уредување на запуштени зелени површини во општината согласно Предлог-Програмата на ЈКП Комунална хигиена за подигнување на нови зелени површини; Набавка на саден материјал за пролетно и есенско хортикултурно уредување на општината: цветен расад и декоративни садници.
- Одбележување на денови од ЕКО календарот. Потребно е да се воспостави пракса за обележување на најважните денови од Еко календарот ( Ден на Планетата Земја, Ден на заштита на водите, Ден на екологија, Ден за борба против пушењето, Ден на дрвото и слично ), вклучување во GENERALKA WEEKEND-акција за собирање на отпад на територијата на Општина Новаци.
- Подигање на еколошката свест во основните училишта. Потребна е сеопфатна едукација на децата од основните училишта за нивната улога и одговорност во зачувување на животната средина во која живеат и растат. Да им се развие свеста за штетноста на загадената средина, односно предноста од чистата вода за пиење, чистиот воздух што го дишат, здрава почва, соодветното складирање на отпад и слично.

- Користење на мерки за намалувње на прашината при градежни активности ( прскање, миење на гуми пред излезс од градилиште итн.)

**Предвидените активности во Програмата за животна средина за 2025 година:**

**Воздух и енергетска ефикасност**

- Замена на печките кои користат огревно дрво со клима уреди, преку мерки за субвенционирање на домаќинствата ;

-Субвенционирање на домакинствата за поставување на сончеви колектори и бојлери

- Субвенционирање на домаќинствата за изработка на енергетско-ефикасни фасади;

- Субвенционирање при изработка на енергетско-ефикасни фасади во училиштата

- Континуирано информирање на домаќинствата за редовно чистење на оџаците бидејќи неисчистениот оџак е дупло поголем загадувач.

-Изградба на велосипедски и пешачки патеки и стимулирање на здрави навики –продолжување на субвенционирањето на жителите на општината за купување на велосипеди.

-Стимулирање на користење на фотоволтаични системи во јавни , деловни ,комерцијални, индустриски и стамбени објекти на подрачјето на општина Новаци.

-Изградба на Smart парк во склоп на пешачко-рекреативната патека од Новаци до Манастирот Рождество на Пресвета Богородица во Новаци

-Поставување на термо пумпа за загревање на ЦОУ „Славко Лумбарковски“ во Новаци

**Отпад**

- Акција за чистење на диви депонии (на повеќе локации низ општината има доста диви депонии и истите треба да се исчистат со користење на механизацијата со која располага ЈПКД,,Комунална хигиена “Новаци или преку јавна набавка

**Вода**

- Изградба на пречистителни станици во две села:Новаци и Добромири на подрачјето на општината

-Уредување на канали и собирање на растителни остатоци и нивна употреба за горење

-Унапредување на системот за управување со отпад

**Почва**

-Акција за пошумување со нови зелени површини низ скоро сите населени места со подигнување на свеста на локалното население за пошумување на голите површини уништени од пожари итн

**Приходи за реализација на оваа програма:**

- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Буџет на Општина  Новаци
- Други извори

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска